**20221882601**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 39/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 август 2022 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (*)**

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21, 197/21, 292/21 и 78/22), во членот 1 во ставот (2) по бројот „473“ се додава сврзникот „и“, а по Прилогот 473, се додава нов Прилог 474, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4736/1
23 август 2022 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

---

* Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативата на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32022R0083.

**Прилог 474**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 83/2022** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производи сочинети од цевчеста, плетена, еластична ткаенина (синтетички влакна комбинирани со гумени нишки) во форма на јамка со дијаметар приближно 4,5 см и ширина приближно 2 см (кога ткаенината е одмотана).<br><br>Производите се плетат во цевчеста форма и се сечат на дефинирана (претходно програмирана) ширина (2 см).<br><br>Поради гумените нишки во еластичната ткаенина, рабовите на производот се свиткуваат, поради што производите добиваат форма на стегач за коса подготвен за употреба.<br><br>(*) Види фотографија | 6117 80 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (б) и 10 од Оддел XI и наименуванијата на тар.број 6117 и тар. подброеви 6117 80 и 6117 80 10.<br><br>Производот се изготвува во својата финална форма со плетење и сечење на ткаенината во цевчеста форма со дефинирана ширина за да се добие еластична јамка, подготвена за употреба (види Забелешка 7 (б) од Оддел XI).<br><br>Имајќи го во предвид нивниот текстилен карактер, производот се смета за додаток или прибор за облека изготвен на ист начин како, на пример, готовите шалови, превези, вратоврски и вратоврски во форма на пеперутки. Дополнително, согласно забелешка 10 кон Оддел XI, овој Оддел вклучува еластични производи што се состојат од текстилни материјали во комбинација со гумени нишки.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9615 е исклучено затоа што производите од тој тар. број вообичаено се изработени од пластика, слонова коска, коски, рог, желковина, метал итн. (види Коментарски Забелешки на Хармонизиран систем за тар. |

| | | |
|---|---|---|
| | | број 9615, точка 3 и Коментарски забелешки на Комбинирана номенклатура за тар. број 9615).<br><br>Оттука, производот треба да се распореди во тар. подброј 6117 80 10 како готов прибор за облека, плетен или кукичан, еластичен или со гумени нишки. |
| **(*) Фотографијата е само од информативен карактер** | | |